**Врз основа на член 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (,,Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/19), Државниот Инспекторат за животна средина ја објавува следната:**

**Листа на информации од јавен карактер**

**со кои располага Државниот Инспекторат за животна средина**

- Информации во врска со закони и подзаконски акти објавени во Службен весник (линк до МЖСПП, https://www.moepp.gov.mk/?page_id=901), а кои се во надлежност на Министерството за животна средина и просторно планирање

- Информации во врска со сите интерни акти на Државниот Инспекторат за животна средина кои не се класифицирани

- Информации во врска со текот на постапката за донесување на прописи од надлежност на Министерството за животна средина и просторно планирање

- Информации за Буџетот на Државниот Инспекторат за животна средина

- Преглед на лица вработени во Државниот Инспекторат за животна средина

- Правилници за внатрешна организација и систематизација на работни места и органограм

- Информации и податоци за начинот и текот на постапката за засновање на работен однос по разни основи (со или без објавување на јавен оглас)

- Начинот и текот на постапката за пополнување на работни места по пат на интерен оглас во Државниот Инспекторат за животна средина

- Информации и податоци за начинот и видот на стручно оспособување на вработените во Државниот Инспекторат за животна средина (изучување на странски јазици, обука, семинари и др.)

- Постапка за престанок на работен однос по основ на пензионирање на вработени во Државниот Инспекторат за животна средина

- Постапка за остварување права од работен однос (годишен одмор, варијабила, платено односно неплатено отсуство).

- Постапката за јавните набавки во Државниот Инспекторат за животна средина, која се спроведува од посебно формирани комисии во инспекторатот за спроведување на јавните набавки согласно законот за јавните набавки

- Информации за мултилатерална и билатерална соработка

- Информации во врска со спроведување на проекти во инспекторатот финансирани од странска помош

Согласно член 8 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, за службено лице за посредување со информации од јавен карактер го има определено: Дарко Блинков. Граѓаните на Република Македонија можат да добијат информација од јавен карактер што ја изготвило или со која располага Државниот Инспекторат за животна средина со пополнување на Барање за пристап до информации од јавен карактер, кое може да го симнат од веб страната на инспекторатот www.sei.gov.mk Барањето може да се достави во писмена форма на адреса: Палата Емануел Чучков, Ул.Павел Шатев бр.2 (5кат, Зграда на Државен Завод за ревизија), 1000 Скопје или на e-mail; d.blinkov@sei.gov.mk